КОН ТОЧКА 4

Јавно претпријатие за берзанско работење
Ndërmarja Publike për shkëmbim të mallrave
АГРО- БЕРЗА AGRO-BURSA
Бр.-Nr. 0302 – 115/1
20.05 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/2016, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 89/22) и член 19, став 7 од Статутот на Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје, објавува:

ОГЛАС
за избор на директор на
Јавното претпријатие за берзанско работење АГРО-БЕРЗА Скопје

Покрај општите услови утврдени со Законот кандидатите треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во актите на Јавното претпријатие АГРО-БЕРЗА Скопје и тоа:

- е државјанин на Република Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование Факултет за земјоделски науки и храна),
- има претходно работно искуство минимум 5 години
- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати и уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од 5 години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFEL iBT) – најмалку 74 бода, ИЕЛТС (ИЕЛТС) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ(ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода и АПТИС(APTIS)-најмалку ниво Б2 (B2) ниво.
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност
- поседува менаџерски способности

При докажување дека ги исполнуваат општите и посебните услови, кандидатите во прилог треба да ги достават следните документи во оригинал или копија заверена на нотар:

- Молба со кратка работна биографија
- Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)
- Уверение за завршено високо образование, стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- Потврдите дека не е изречена прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана на вршење одделна дејност (не постара од 6 месеци)
- Потврда за работно искуство со бараната стручна подготовка
- Потврда за исполнување на условите за познавање на англиски јазик
- План и програма за работа на јавното претпријатие во наредните четири години

Рок за пријавување на кандидатите е пет работни дена сметано од денот на објавување на јавниот оглас во дневните весници.

Ненавремените и некомплетни пријави нема да се разгледуваат

Пријавата со документацијата се доставува со запечатен плик на адреса ЈП АГРО-БЕРЗА Скопје ул.Аминта Трети број 2 (зграда на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, канцеларија 409) поштенски фах 670, со назнака "Оглас за избор на директор до Управен Одбор", преку пошта или во архивата на ЈП АГРО-БЕРЗА Скопје, секој работен ден од 9 до 15 часот.

ЈП АГРО-БЕРЗА Скопје, Управен Одбор